# ПОВИК

## ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СОЦИО-ЕКОНОМСКИ РАНЛИВИ ДОМАЌИНСТВА ВО СКОПЈЕ ЗА ЗАМЕНА НА СТАРИТЕ ЕНЕРГЕТСКО-НЕЕФИКАСНИ ГРЕЈНИ ТЕЛА СО НОВИ ГРЕЈНИ ТЕЛА - ИНВЕРТЕРИ

Со цел подобрување на квалитетот на воздухот, Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Градот Скопје и Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), објавува **повик за финансиска поддршка на социо-економски ранливите домаќинствата од Скопје да ги заменат старите енергетско-неефикасни грејни тела со нови енергетски поефикасни уреди (клима-инвертери).**

Финансиската поддршка за воведување на овие мерки е обезбедена од страна на Шведската агенција за меѓународна соработка и развој - СИДА преку проектот "Справување со загадувањето на воздухот во градот Скопје".
*Анализата за определување на уделот на различните извори на загадување во Скопје* покажува дека согорувањето на биомаса останува најголемиот поединечен извор на загадување на амбиенталниот воздух, а поради специфичната временска дистрибуција, тоа е главниот двигател на појавата на случаи на големо загадување во текот на зимскиот период.
Дополнително на ова, енергетската криза со која се соочуваме на глобално ниво се повеќе се продлабочува и бара брза реакција и одговорно однесување од страна на сите чинители, а тоа значи што поголема заштеда на енергија и што поголема енергетската ефикасност.

**ЗА ТАА ЦЕЛ УНДП ОБЈАВУВА ПОВИК НА КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ПРИЈАВАТ ДОМАЌИНСТВА КОИ:**

- како извор на загревање на домаќинствата користат:
  - **печки на огревно дрво, јаглен, нафта или отпад**
  - **стари енергетско-неефикасни уреди - термоакумулациони печки, панели, калорифери и сл., кои го оптоваруваат енергетскиот систем**
- се приматели на социјална помош од страна на Министерството за труд и социјална политика: гарантирана минимална помош (ГМП), посебен додаток, социјална сигурност за стари лица, детски додаток и додаток за образование
- прифаќаат да го заменат стариот уред за загревање со нов клима уред – инвертер, кој ќе биде обезбеден преку проектот
- ги исполнуваат останатите услови од повикот и се согласуваат со истите.

**КОЛКУ ДОМАЌИНСТВА ЌЕ БИДАТ ПОДДРЖАНИ?**

Преку повикот предвидено е да се поддржат околу 150 домаќинства. Бројот на поддржани домаќинства може да се промени согласно висината на расположливите средства.

**КОЈА Е ПРИОРИТЕТНА ГРУПА ЗА ПОДДРШКА?**

Корисници на социјална помош кои живеат во Општина Аеродром. Но, доколку не се селектираат доволен број домаќинства од Општина Аеродром, опфатот ќе се прошири на домаќинствата од другите скопски општини кои се пријавиле на повикот (Општина Центар, Општина Кисела Вода и Општина Гази Баба).

Доколку се утврди за соодветно, одреден број на домаќинства може да бидат предмет на енергетска инспекција.

**КАКО ЌЕ БИДАТ ОБЕЗБЕДЕНИ СРЕДСТВАТА?**

Поддршката обезбедена од страна на проектот ќе биде насочена за набавка и инсталација на грејното тело, а не како директни финансиски трансфери на избраните домаќинства.

УНДП работи според строго утврдени правила и процедури за набавки и не дава предност на фирми, марки или брендови, кои евентуално би биле фаворизирани од страна на домаќинствата.

**КОИ ДОКУМЕНТИ СЕ ПОТРЕБНИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ?**

1. Целосно пополнета и потпишана пријава.
2. Копија од лична карта на кандидатот (адресата од личната карта треба да е идентична со адресата на објектот за кој се пријавувате на повикот).
3. Доказ дека домаќинството е корисник на социјална помош од Министерството за труд и социјална работа.
4. Пополнети и потпишани изјави и согласности:
   - Согласност за користење на лични податоци од страна на УНДП за потребите на проектот;
   - Изјава за точност и веродостојност на наведените информации и податоци во Пријавата;
   - Согласност за замена на грејното тело.
5. Ако се работи за згрижувачко семејство, самохрани родители или домаќинство во кое има инвалидно лице – да се достави доказ за истите.

**КОИ СЕ КРИТЕРИУМИТЕ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ДОМАЌИНСТВАТА?**

Доколку се пријават поголем број домаќинства од бројот на домаќинствата за кои има средствата да се набават клима уредите, пријавите на домаќинствата ќе бидат оценувани согласно следниве критериуми:

- Системот за загревање (15 поени)

- Број на членови на домаќинство (20 поени)
- Родова еднаквост и други социјални критериуми (20 поени)

**КАДЕ МОЖЕ ДА СЕ НАЈДЕ ПРИЈАВАТА?**

Пријавата и сите дополнително објавени информации за повикот може да се најдат на веб страницата на УНДП http://www.mk.undp.org/ . Ве молиме редовно проверувајте ја.

**КАДЕ ТРЕБА ДА СЕ ДОСТАВАТ ДОКУМЕНТИТЕ ПОТРЕБНИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ?**

Сите документи потребни за пријавување се доставуваат во 1 примерок во затворен плик со назнака за "**Повик за замена на стари грејни тела**" на следнава адреса:

Програма за развој на Обединетите нации (УНДП),
Јордан Хаџи-Константинов Џинот бр. 23, Скопје

**КОЈ Е КРАЕН РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ?**

Крајниот рок за пријавување е 30 мај 2022 година.

Пријавите испратени по пошта треба да пристигнат во канцелариите на УНДП најдоцна до 30 мај 2022 година. Работно време на канцеларијата е секој ден од 9 до 17 ч.

**КАДЕ МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЈАТ ПОДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ОКОЛУ УСЛОВИТЕ И КРИТЕРИУМИТЕ НА ОГЛАСОТ?**

За подетални информации во однос на повикот ве молиме обратете се на телефон: 02 3249 580 во периодот од понеделник до петок помеѓу 12:00 и 14:00 часот или на e-mail: marija.krstevska@undp.org.